РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4101/8
20-10-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 75-та седница одржана на 14.10.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по сопствена иницијатива, против лицето ---- ------, член на Совет на Општина -----, **СЕ ЗАПИРА.**

Државната комисија констатира дека службеното лице ---- ------ има прекршено одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за што е спроведена постапка за порамнување против него со достава на Известување со Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и по постапување од страна на истиот, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-4101/1 од 26.04.2022 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ---- ------ со бр. 09-5675/1 од 17.11.2021 година и утврди дека истиот, покрај тоа што ја извршува функцијата член на Совет на Општина ----- во исто време е и помошник директор на ООУ „------ ------" с.-------, што е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Согласно наведеното, ДКСК констатираше дека од страна на лицето ---- ------ е сторен прекршок по што, до истиот достави известување за настанатата состојба, како и согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог.

ДКСК преку доставеното известување му укажа на истото лице дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување да ја отстрани констатираната состојба, со тоа што ќе се откаже од една од двете функции кои ги извршува.

Во законски предвидениот рок, лицето ----- ------ постапи по барањето на ДКСК и се откажа од извршување на функцијата помошник директор на ООУ „----- --------" с.------- и достави доказ до ДКСК, Решение со број 04-199/1 од 01.07.2022 гдониа. Исто така, лицето ----- ----- достави до ДКСК уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: Б.Џ, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК